# ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНСТВО И ЗА ЧЛЕНАРИНА НА ЗНМ

**Член 1**
**Предмет**

Со овој правилник врз основа на  Статутот на Здружението на новинарите на Македонија (понатаму ЗНМ) поблиску се уредуваат условите, критериумите и постапката за прием и за престанување на членството во ЗНМ, како и висината на членарината.

Членството во ЗНМ може да биде редовно, придружно и почесно.

Член може да биде лице кое постојано се занимава со новинарство и ги задоволува дополнителните критериуми за прием во редовно или почесно членство при што под новинарство се подразбира:

- Објавување пишувани, изговорени, сликовни или on line - статии: извештај, вест, коментар (белешка или осврт, општествена хроника, статија, рецензија), критика, карикатура, есеј, интервју, репортажа, патопис, цртички, како и наслови, најави и редактирање;
- Уредување и редакција на текстови;
- Уредувачки работи во уредништвата на печатените и на електронските медиуми и во новинските агенции, како и на интернет-порталите;
- Информирање со фотографија, електронска слика, филм и карикатура, кои ги објавуваат професионални фоторепортери, сниматели и карикатуристи, но само доколку им е тоа главно занимање.

Во случај на недоумица околу третманот на занимање кое може или не може да се смета за новинарство се прифаќа толкувањето на Меѓународната федерација на новинари, односно нивната листа со позитивна и негативна енумерација.

**Член 2**
**Услови за *редовно* членство**

За член на ЗНМ може да биде примен секој новинар кој најмалку една година се занимава со новинарство.

**Услови за *придружно* членство**

Придружни членови може да бидат лица кои соработуваат со ЗНМ на теми поврзани со слободата на изразување, кои повремено се занимаваат со

новинарство или поранешни редовни членови чие членство од причини наведени во Статутот на ЗНМ постојано или повремено преминало во придружно.“
Под придружно членство се подразбира членство во ЗНМ кое во однос на правата и обврските е изедначено со редовното членство, со исклучок на правото да избираат и да бидат избрани во органите и телата на ЗНМ и немаат право да одлучуваат за Статутот на ЗНМ. Тие имаат право да ги користат фондовите на ЗНМ во согласност со актите на тие фондови, да ги користат придобивките што ги овозможува ЗНМ и IFJ. Придружниот член има право да изнесува мислења и ставови за работата на органите и телата на ЗНМ, да ја користи правната заштита за новинарската работа и да поседува членска книшка на ЗНМ.

Придружното членство е со траење до моментот кога истото по автоматизам ќе се трансформира во редовно полноправно членство со редовна висина на членарината во согласност со одредбите за висина на членарината.

Постапката за прием во придружно членство е идентична како онаа за редовно членство, а висината на членарината се одредува на ист начин како и за редовните членки.

**Услови за *почесни* членови**

ЗНМ прима и почесни членови со одлука на мнозинството членови на Управниот одбор. Почесни членови можат да бидат и странци.

За почесен член на ЗНМ може да се прими и лице кое не е новинар по професија, но кое со своето залагање или соработка со ЗНМ дало значаен афирмативен придонес во работењето или развојот на ЗНМ.

Почесните членови имаат право да ја следат работата на Собранието на ЗНМ, без право на свои претставници во Собранието на ЗНМ и без учество во одлучувањето.

**Член 3**

**Начин**

Приемот во членство може да биде врз основа на:
- барање за прием (писмена изјава – пријава);
- покана за прием.

**Член 4**

**Постапка за прием по барање**

Барањето за прием се доставува до Извршната канцеларија на ЗНМ кое потоа се доставува до Комисијата за членство која е основана од Управниот одбор, а

се состои од два члена на Управниот одбор и еден член од Извршната канцеларија која барањето за членство го констатира или одбива.

Кон барањето (писмената изјава – пријава) доставува лична биографија (CV) и две фотографии.

Комисијата за членство во рок од седум дена одлучува за барањето за членство по што ја информира Извршната канцеларија

Управниот одбор со мнозинство гласови може да ја поништи одлуката за членство од Комисијата за членство за прием на членство на лицето кое ги исполнува формалните услови за прием, но кое од други, особено оправдани причини поврзани со неговото поведение или углед во јавноста, како и однесување спротивно на одредбите од Кодексот на новинарите може основано да се претпостави дека би наштетило на угледот на ЗНМ и на неговото работење.

За член на ЗНМ не може да биде примено лице чие занимање не се смета за новинарство според стандардите и дефиницијата на Меѓународната новинарска асоцијација:

- Објавување правни, општествени, административно-организаторски и пропагандни работи;
- Лекторирање, коригирање, стенографирање и дактилографија, архивско-документирачки работи на прибавување, сортирање и чување медиумски документи;
- Најавувачки, спикерски и водителски работи во електронските медиуми;
- Тонско снимање, видеоснимање исклучително со студиски камери, монтажа на тонски, филмски и видеозаписи;
- Уредување весници на друштва кога не е во прашање главно занимање новинар и кога во договорот за вработување изречно не се споменува новинарско работно место, а за новинарство не се сметаат ни портпаролството ни односите со јавност, ни изработката на комерцијални прилози, ни аквизицијата на огласи, ни читањето пропагандни текстови во електронски медиуми и слично;
- Пишување текстови за стрипови, хороскопи, топ-листи и други слични рубрики, компилирање и преведување за сите медиуми, преземање текстови за веб-страници;
- Уредување и пишување рубрики или емисии со стручни совети (на пример, лекарски, правнички, технички, социолошки, совети за домаќинство и сл.) и исклучително уредувачка работа во часописи наменети само за одреден профил на стручни лица, како и работа во рекламните магазини на трговските друштва наменети за популаризација, рекламирање, продажба и маркетиншка анимација на купувачите на стоки и услуги;
- Работа на портпарол и други слични работи од информативна содржина во научни, културни, стопански и други институции;
- Само повремено и пригодно објавување новинарски текстови.

**Член 5**

**Престанување на членството**

Членството во ЗНМ престанува:

- со доброволно излегување од ЗНМ и со враќање на новинарската легитимација;
- заради неплаќање две годишна членарина по истекот на 24 месеци на кои се однесува членарината;
- со исклучување поради неизвршување на обврските предвидени со членството во ЗНМ;
- при губење деловна способност или во случај на постење правосилна кривична пресуда за дело што го прави недостоен за членство во ЗНМ.

**Член 6**

**Престанување со барање**

Членството во ЗНМ престанува на барање на членот, односно со доброволно излегување од ЗНМ и со враќање на новинарската легитимација.

Членот не е должен да го образложи барањето.

Членот кој бара престанување на членството во ЗНМ не може да биде ослободен од заостанатите обврски ниту има право на пропорционален поврат на намирени обврски кои се однесуваат на иден период во кој членството престанува.

**Член 7**

**Престанување поради неплаќање членарина**

Членството во ЗНМ престанува поради неплаќање две години членарина по истекот на 24 месеци на кои се однесува членарината;

**Член 8**

**Престанување со исклучување**

Членот може да биде исклучен од членство поради флагрантно кршење на Кодексот на новинарите или доколку со своето постапување сериозно го нарушува угледот на Здружението со одлука на Управниот одбор или Собранието на ЗНМ.

Предлогот за исклучување од членство треба да биде образложен.

Лицето чие исклучување се бара има право на одговор од Управниот одбор во рок од 3 дена.

За исклучување член може да се одлучува и на вонредно собрание.

**Член 9**

**Престанување по автоматизам**

Членството во ЗНМ престанува по автоматизам доколку членот ја изгуби деловната способност или во случај на постоење правосилна кривична пресуда за дело што го прави недостоен за членство во ЗНМ.

**Член 10**

**Суспензија**

Членството се смета за суспендирано за време на и една година по завршувањето на извршувањето на функцијата Пратеник во Собранието на Република Македонија, Министер во влада, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија или органите на локалната самоуправа. Исто се однесува и за амбасадорите и другите именувани лица на Република Северна Македонија во странство; избраните и органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт, државните службеници и вработените во органите на државната управа и други државни органи, други правни лица на централната и локалната власт, советниците во советите на општините, советниците во Советот на градот Скопје.“

**Висина и плаќање на членарината**

**Член 11**

При приемот за членство во ЗНМ лицето плаќа (ИЛИ НЕ ПЛАЌА) еднократна такса за зачленување во износ од 600 денари во денарска противвредност.

**Член 12**

Износот се плаќа два пати годишно, кои можат да се платат во готово или на жиро-сметка на ЗНМ.

**Член 13**

Еднократниот износ при зачленувањето во ЗНМ, како и двегодишната членарина врз основа на одлука на Собранието може да бидат предмет на корекција.

**Член 14**

**Регистар на членство**

Извршната канцеларија води Регистар за членство.

Регистарот се води паралелно во електронска и во хартиена форма.

Секој упис и испис/бришење во и од Регистарот хронолошки се евидентира.

Евиденцијата се врши ажурно и постојано.

Регистарот ги содржи личните податоци за членот вклучително и матичниот број, адресата на живеење и задолжително адреса на електронска пошта која служи за комуникација на ЗНМ со членот и за спроведување електронско гласање. Регистарот може да содржи и други податоци кои служат за статистичка обработка на ЗНМ (вид на медиум, формално образование, националност, пол, регион и друго).

Регистарот не е јавно достапна книга за трети лица.

Секој член е должен во рок од 48 часа да ја извести Комисијата за членство за промена на неговите податоци, особено на адресата на електронската пошта која служи за комуникација и за гласање.

**Член 15**

**Завршни одредби**

Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат на начин и со постапка како и за неговото донесување.

Барање за измени и за дополнувања на овој Правилник можат да поднесат:
- претседателот на УО;
- членовите на ЗНМ - преку иницирање предлог до работните групи.

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 03.10. 2020 година
Младен Чадиковски

Претседател на ЗНМ,